Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 66/2013 и 114/2014) и член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14/2022), постапувајќи по заклучокот на граѓанските оддели на четирите апелациони судови во Република Северна Македонија, за расправање по правно прашање заради обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика, на седницата одржана на ден 21.03.2023 година, го утврди следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Вработените во судска полиција имаат право на бонус плата и надомест на трошоци за исхрана за ноќна работа под услови пропишани во член 117 став 4 и член 128 став 3 точка 2 од Законот за работните односи.

О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија - Оддел за граѓански дела доставен е Заклучокот на четирите апелациони судови донесен на работната средба одржана на ден 08-09.06.2022 година, за воедначување на судската практика за правното прашањето, дали на вработените во судската полиција-судски полицајци им следува бонус плата предвидена во член 117 став 4 од Законот за работните односи, како и надоместок на трошоци за исхрана за ноќна работа предвиден во член 128 од ЗРО, со оглед на тоа што овие надоместоци не се предвидени во Законот за судската служба, но се предвидени со Законот за работните односи и дали во конкретниот случај за оваа категорија на вработени треба да се примени Законот за работните односи.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање го утврди правното мислење, поради следните причини:

Согласно член 117 став 4 од Законот за работните односи, работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината кај истиот работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додаток на плата и бонус во висина од една просечна нето плата во Републиката.

Согласно член 128 став 1 од Законот за работните односи, работникот кој работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска, односно работникот кој одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска има право на посебна заштита од ноќна работа, а согласно став 3, точка 2 од истиот член, работодавачот на негов трошок е должен на работниците кои работат ноќно време да им обезбеди соодветна храна или согласно извршената измена на Законот за работните

односи во тој член („Службен весник на РМ“ бр.120/18 од 29.06.2018 година), надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатен во Република Македонија во претходната година, стразмерно во деновите кога работникот работи ноќе.

Согласно член 3 став 3 од Законот за судска служба, судската полиција правата од работен однос ги остварува согласно овој закон, Законот за судовите, Колективните договори и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос.

Со Одлука на Уставниот суд У.бр.53/2014-1 од 08.10.2014 година е укинат член 3 став 3 од Законот за судска служба, во делот „и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос“ со образложение дека претставува премногу широк и неопределен правен поим, кој нема уставна основаност ако упатува на подзаконски акти донесени во функција на разработка на одреден закон.

Со оглед дека од образложениeто на наведената Одлука на Уставниот суд У.бр.53/2014-1 од 08.10.2014 година, произлегува дека доколку поимот „и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос“, упатува на примена на друг закон има уставна основаност, се применува Законот за работните односи на оваа категорија на вработени во судската полиција, затоа што со него се уредуваат правата од работен однос, вклучително и пропишаните во одредбите од член 117 став 4 и член 128 став 1 и 3 од Законот за работните односи. Наведените права од работен однос во посочените законски одредби не се предвидени во Законот за судската служба, но вработените во судската полиција можат да ги остварат согласно предвидени услови во Законот за работните односи. Овој закон наоѓа примена и во однос на вработените во судската полиција, согласно член 3 од истиот, затоа што согласно одредбата на овој член, со него се уредуваат и работните односи на работниците вработени во органите на државната власт. Вработените во судската полиција како дел од судската служба, се вработени лица во судовите кои како државни органи ја вршат судската власт.

ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Оддел за граѓански дела